05 · 08 · 2021 год.
РАДОВИШ

Врз основа на член 212, 188 став 6 и 198 став 2 од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19) и член 20 – г и 20 - д од Закон за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18) и член 22 став 1 алинеа 9 од Статутот на Установата, Директорот на Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш на ден 05.08.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за вршење избор на кандидати по пат на јавен оглас

Врз основа на јавниот оглас 1/2021 година, а заверен под број 04-502//2 од 29.07.2021 година на Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш на работно место Помошно-техничко лице од трето ниво– 3 Курир (еден) извршител, а врз основа на Предлог ранг листата број 04-502/4 од 04.08.2021 година го избира следниот кандидат:

1.Мануш Велиов –работно место Курир-Помошно-техничко лице од трето ниво .

Врз основа на член 212 став 18 од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19) по конечноста на одлуката за изборот, Директорот ќе склучи договор за вработување со избраниот кандидат.

Оваа одлука влегува на сила на денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на јавен оглас 1/2021 заверен под број 04-502/2 од 29.07.2021 година на Јавната установа меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, а кој беше објавен на ден 29.07.2021 година во 2 (два) дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат сужбен јазик различен од македонскиот јазик согласно член 212 став 17 од Законот за социјална заштита за избор на кандидат 1(еден) извршител за работно место –Курир помошно-техничко лице од трето ниво се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволните кандидати, може да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од приемот.

Изработил:
Александар Филев
правник

Јавна установа меѓуопштински
центар за социјална работа
Радовиш
В.Д.Директор
Драги Димитриев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА * РАДОВИШ